# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и седмата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 29.01.2026 година, во 14:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и шестата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Томислав Кежаровски, Беким Лачи, Марјан Велевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Маја Седрак, Лазо Трпков и Владимир Палашевски.*

Онлајн присутни на седницата: *Миле Гроздаsucceeded и Музбајдин Ќамиљи.*

Други присутни на седницата: *Захарија Вулгаракис, Директор на Македонска телевизија*

Дваесет и шестата седница на Програмскиот совет започна во 14:13 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и седмата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 26-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на прашања поврзани со програмските содржини на МРТ, во рамки на јавниот интерес, Статутот на МРТ и надлежностите на Програмскиот совет**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 26-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатирeше дека текстот на Предлог-записникот од Дваесет и шестата е претходно доставен до сите членови на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

2. **Разгледување на прашања поврзани со програмските содржини на МРТ, во рамки на јавниот интерес, Статутот на МРТ и надлежностите на Програмскиот совет**

Претседателот Давор Пашоски најнапред истакна дека 27-та седница претставува прва тематска седница посветена исклучиво на програмските содржини, што произлегува по иницијатива на членовите на Програмскиот совет. Тој продолжи дека заедничка намера е ваквите тематски седници да станат периодична пракса, со цел континуирано, систематско и суштинско следење на програмската мисија и улогата на јавниот сервис.

Понатаму, тој нагласи дека неговиот пристап во ова излагање не е насочен кон ретроспективна анализа или оценување на досегашната програмска понуда, туку дека напротив, ја користи можноста на започнувањето на новата програмска година и реализацијата на Годишната програма за 2026 година, за да укаже на одредени аспекти кои смета дека се важни и кои можат да придонесат кон понатамошно унапредување и зголемување на квалитетот на програмата на МРТ. Генерално, тој оцени дека програмската содржина е во рамки на очекуваното и ја исполнува својата основна функција, при што реално постои квалитет во програмската понуда, но истовремено постои јасна потреба и обврска тој квалитет континуирано да се унапредува и надградува, и таа да биде уште подобра, покреативно концепирана, визуелно поатрактивна и посодржински појасно структурирана.

Во таа насока, тој рече дека очекува активно и конструктивно учество од сите членови, со дискусии кои ќе се движат строго во рамки на надлежностите на Програмскиот совет, без навлегување во уредувачката независност и автономијата на редакциите, при што фокусот да биде на суштински, аргументирани и насочени согледувања, а не на екстензивни и нефокусирани излагања.

Тој потенцираше дека разгледувањето на програмските содржини се врши исклучиво во рамки на Статутот на МРТ и законски утврдените надлежности на Програмскиот совет, со цел обезбедување на остварување на јавниот интерес, почитување на програмските начела и унапредување на квалитетот, разновидноста и достапноста на програмските содржини.

Претседателот Давор Пашоски накратко потсети на веќе утврдените приоритети на Програмскиот совет, кои се релевантни и за тековната дискусија, особено во делот на унапредувањето на програмските содржини, а ги опфаќаат и технолошката и дигиталната модернизација, зајакнувањето на институционалната автономија и унапредувањето на професионалните стандарди, како предуслови за поквалитетна, поконкурентна и

поразновидна програмска понуда. Во тој контекст, тој посочи дека примената на современи технологии и нови формати треба да се гледа како средство за унапредување на програмата и нејзино поголемо приближување до публиката, а не како цел сама по себе.

Истакна дека медиумскиот плурализам останува суштинска вредност и воспоставена пракса на јавниот сервис и дека така треба да остане и притоа дека Јавниот сервис мора да обезбедува простор за различни гласови, ставови и мислења, во служба на јавниот интерес.

Истовремено, неопходно е оваа практика дополнително да се зајакнува, не само преку задржување на постојните формати, туку и преку понуда на повеќе програмски содржини кои активно го промовираат медиумскиот плурализам, различните перспективи и општествената дебата.

Дополнително, тој го истакна и неговото видување дека зајакнувањето на програмската понуда нужно подразбира и поголем фокус на сопствената продукција. Во Годишната програма за 2026 година веќе е предвиден акцент на зголемување на сопствената продукција, особено во делот на детските, образовните и културните содржини, и дека овој сегмент треба реално и видливо да се реализира во програмата.

Тој продолжи дека покрај сопствената продукција, програмската понуда неопходно е дополнително да се збогати и преку откуп на права за реализација на светски познати шоу-забавни и квиз формати, кои се докажани кај публиката и имаат потенцијал да придонесат за поголема препознатливост и гледаност, без нарушување на јавниот карактер на сервисот.

Континуитетот, препознатливите термини и предвидливоста на програмската шема се клучни за градење доверба и навика кај публиката, поради што е неопходно да се обезбеди појасна и предвидлива програмска шема со фиксни и препознатливи термини за емитување, освен во случаи на настани од особена јавна важност.

Во тој контекст, тој забележа дека дел од актуелните лајфстајл, општествени и културни содржини се премногу збиени во слични термини, најчесто во викенд-програмата, и дека е потребно тие подобро да се распоредат, со цел поголема разновидност и подобар досег до публиката.

Тој потсети дека во 2026 година се одбележуваат 35 години од независноста на државата, што претставува значаен јубилеј и сериозна програмска обврска за Македонската радио-телевизија и МРТ, како јавен сервис, има посебна одговорност да подготви соодветни, содржински квалитетни и внимателно осмислени програмски содржини, имајќи ја предвид својата улога како аудиовизуелна меморија на државата.

Архивските материјали и сопствената продукција на МРТ претставуваат непроценливо богатство и важен ресурс не само за информирање, туку и за афирмација и промоција на државата, нејзината историја, култура и современ идентитет. Одбележувањето на овој

јубилеј треба да биде јасно препознатлив во програмата, со содржини кои ќе имаат општествено значење и поширока симболична вредност.

Во продолжение, тој се осврнам кон играната програма и кон откупот на серии, како сегмент кој е директно поврзан со квалитетот, гледаноста и препознатливоста на програмата.

МРТ има законска обврска да обезбеди соодветна застапеност на европски аудиовизуелни дела, што особено се однесува на играната и детската програма. Оваа обврска, истовремено, претставува и можност за понатамошно суштинско унапредување на програмската понуда. Во тој контекст, тој констатираше дека постои квалитетна филмска (играна) програма, која секогаш може дополнително да се надградува, додека посебен и поизразен фокус е потребно да се стави на сегментот на сериите.

Продолжи дека во рамки на Европската радиодифузна унија (ЕБУ) постои реален потенцијал за размена, соработка и откуп на висококвалитетни серии од јавните медиумски сервиси – членки на ЕБУ. Ваквите продукции, со докажан квалитет и интерес кај публиката, можат значително да придонесат за унапредување на програмата на МРТ.

Особено е важно овие серии да бидат стратешки позиционирани во атрактивни вечерни термини, со јасно утврдена и предвидлива програмска шема. Потребно е да се обезбеди континуиран откуп на повеќе серии, кои ќе ги пополнуваат овие термини во текот на целата година, со што кај публиката ќе се создаде навика и очекување за содржините и термините.

Истакна дека практиката покажала дека ваквиот пристап резултира со зголемена гледаност и поголем интерес, вклучително и од огласувачите. Затоа, континуитетот, извесноста и квалитетот треба да бидат водечки принципи при планирањето на овој сегмент од програмата.

Во истиот контекст, рече дека е неопходно дополнително да се зајакне и документарната програма, особено преку размена и откуп на квалитетни европски документарни содржини во рамки на соработката со јавните медиумски сервиси и преку модели на меѓународна размена. Ваквите документарни продукции имаат значајна јавна, едукативна и културна вредност, кои исто така треба да бидат стратешки позиционирани во јасно утврдени, фиксни и препознатливи програмски термини, со цел градење навика и континуиран интерес кај публиката.

Потенцираше дека смета дека претстојната дискусија треба да придонесе кон појасно согледување на програмските приоритети и кон понатамошно унапредување на програмските содржини, во рамки на надлежностите на Програмскиот совет и во интерес на јавниот сервис и граѓаните.

По излагањето, Претседателот Давор Пашоски ја отвори дискусијата.

Прв за збор во дискусијата се јави Марјан Велевски кој забележа дека бројот на новинари во Спортската редакција на МТВ е намален бројот на новинари, препорача сопствените

производи да се емитуваат во ударни термини и во продолжение истакна дека би сакал да се обогати документарната програма на МТВ.

За збор се јави Томислав Кежаровски кој истакна дека од јули 2025 година, сите членови и воопшто како тело, Програмскиот совет се труди да даде свој придонес во подобрувањето на програмата на МРТ. Препорача подобрување на квалитетот на некои копродукциски проекти и постави прашање во однос на одјавните шпици на спортските натпревари.

На поставеното прашање одговори Директорот на МТВ дека востановена пракса на светско ниво, кога станува збор за спортски натпревари, е вообичаено да нема одјавна шпица.

Потоа за збор се јави Ивана Ефремовски која истакна дека врвен приоритет на програмската понуда на МРТ е јавниот интерес. Таа го изнесе својот став дека капацитет кај вработените има и дека потврда за тоа се Новогодишната програма на МТВ, како и успешниот пренос од „Водици 2026„. Исто така, таа истакна дека треба да им се даде поголема мотивација на вработените, а особено на тие вработени што успешно ги извршуваат работните обврски.

За збор се јави Беким Лачи кој се врати на прашањето со повторување на истите гости на исти теми во повеќе различни емисии, овој пат во политичките емисии, и за тоа побара објаснување од Одговорната уредничка. Исто така, тој препорача да се продуцираат повеќе емисии кои би се реализирале надвор од студијата на МТВ, како и да се обрне повеќе внимание на креативноста при изготвувањето на емисиите.

Следна за збор се јави Маја Седрак која забележа дека недостасуваат емисии од областа на културата. Таа потенцираше дека секаде во светот културата е четвртиот столб на општеството и дека не може темите од областа на културата во МТВ да бидат сведени само на информации. Таа препорача посериозно, поиздржано и посвесно да се пристапи на оваа тема, земајќи го предвид тоа дека во Македонската радио телевизија, како јавен сервис, простор и креативност за културата има во големи количества.

Потоа збор зема Билјана Бабиќ која даде забелешка на слабата промоција на програмата на МРТ на социјалните мрежи и дека за промоцијата е неопходно да се настапи стратешки на социјалните мрежи. Исто така, таа истакна дека преку одреден кабелски оператор не се пренесувале во целост програмите од МРТ 1 и од МРТ 3.

На ова одговори Директорот на МРТ дека и покрај сите интервенции, нема напредок во решавањето на овој проблем со одредени кабелски оператори коишто поради нивниот личен интерес, односно поради тоа да емитуваат повеќе програми, споменатите програми на МРТ се емитуваат со послаб бенвит.

Следен за збор се јави Лазо Трпков кој истакна дека секако постојат недостатоци, но дека и покрај недостатоците, програмските содржини на МРТ се добри и коректни и дека програмската понуда на МРТ е подобра од програмата на другите телевизии.

Тој препорача новинарите што се појавуваат на екраните да имаат подобар визуелен изглед.

Претседателот на Програмскиот совет ја затвори дискусијата и им се заблагодари на сите присутни за нивниот придонес во дискусијата.

Тој ги извести членовите дека јавната расправа за Статутот на МРТ е завршена и ја закажа следната седница за 9.2.2026 година во 12.30 часот, додека на 10.2.2026 година ќе следува седница посветена на разгледување на добиените предлозите од јавната расправа за Статутот.

Записникот го водеше:
Марина Тодоровска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-554/2
29.01.2026г.

_________________________
Давор Пашоски